# СИФИЛИС

(TREPONEMA PALIDUM)



Предизвикувач на сифилис – TREPONEMA PALIDUM

# Вовед:

- **Сифилисот** (Lues) е хронично инфективно заболување, предизвикано од бактеријата Treponema pallidum. Според начинот на пренесување тој може да биде *стекнат и вроден*. Стекнат сифилис се пренесува со полов контакт. Извор на инфекцијата е заболен човек, а влезна врата е кожата и лигавицата на гениталните органи.

- Сифилисот е болест која се одвива во *три стадиуми, означени како примарен, секундарен и терцијален стадиум.*
- **Примарен стадиум:**Примарниот стадиум се јавува 2-8 недели по инфекцијата. Локално на гениталната регија се јавува тврда papula, која улцерира и се формира ulcus durum, безболна раничка, од која се излачува секрет. За 4-6 недели спонтано се повлекува, оставајќи мала лузна.



БЕЗБОЛНА РАНИЧКА ОД КОЈА СЕ ИЗЛАЧУВА СЕКРЕТ

- **Секундарен стадиум:**Секундарниот се јавува кај една третина од нелекуваните пациенти и тоа 2-8 недели по појавата на примарната инфекција. ***<u>Ова е најзаразниот стадиум на сифилис</u>***, и се јавува како резултат на навлегување на бактеријата во крвта. *<u>Се карактеризира со кожен исип во вид на црвени, кафеави дамки, папули или гнојни меурчиња по телото, дланките, табаните и лицето. Во устата, грлото или гениталните органи се јавуваат црвени дамки со плитки улцерации</u>*. Лимфните жлезди се зголемени, покачена е телесната температура, се јавуваат болки во коските, зглобовите и др. Оваа фаза поминува за неколку недели до една година, преминувајќи во латентна фаза – фаза без симптоми.


meadowbrookneurology.net



- **Терциерен стадиум:**Терциерниот стадиум е крајна фаза на сифилис кај нелекуваните болни, се јавува после 6 месеци до неколку години од примарната инфекција.Карактеристично за овој стадиум е формирањето на гуми и дифузна фиброза. Гуми се јазлести формации со големина на зрно просо или поголеми до неколку сантиметри, а се јавуваат во црниот дроб, коските, зглобовите, централниот нервен систем и др. Фиброзата е размножување на сврзно ткиво во малите крвните садови како и на аортата.

- **Последици на сифилис** се оштетување на мозокот, видот и слухот, оштетување на аортата, коските, зглобовите и сите другиограни зафатени во терцијалниот стадиум. ***Со навремено откривање на сифилисот и негово лекување со антибиотска терапија се спречуваат потешките последици од ова заболување!***



# Вроден сифилис

- Вроден сифилис е кога се пренесе за време на бременоста, од мајката на плодот. Во случај мајката да има сифилис и тоа прв или втор стадиум, плодот се инфицира преку плацентата, и често пати резултира со прекин на бременоста (абортус) или интраутерина смрт на плодот пред раѓањето.





- Доколку не дојде до интраутерина смрт детето може по раѓањето да има рани или касни знаци на сфилис. Знаци на сифилис кај детето се промени на кожата и лигавиците како од секундарниот стадиум, карактеристична слика е “седласт нос”, тибијата е свиткана и наречена “сабјеста подколоница”, черепот има коцкеста форма, забите се деформирани, се јавуваат гуми и фиброза во внатрешните органи и се јавува глувост, слепило и др.

# Превенирај!

- ***<u>Превенцијата се однесува на избегнување на полови контакти со непознати, ризични или заболени лица. Редовни систематски прегледи и лекарска контрола при секоја промена на телото и знак за постоење на болест или инфекција, за да може на време да се открие инфекцијата и да се спречи понатамошното заболување и компликации.</u>***

# Заштити се !



